АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

**Ноември 2023** **Бр.11**

## СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ

Во врска со судската пресуда донесена од судијката Јованка Спировска Панева во случајот „Фероинвест против ИРЛ“, за сторијата „Заговор против воздухот“, Агенцијата на 12 ноември преку соопштение ја извести јавноста дека се приклучува кон реакциите дека слободата на изразување е уставно гарантирана категорија и како таква е неприкосновена. Оваа слобода може да биде ограничена само во одредени, точно определени случаи кога се загрозува јавната безбедност и мир, јавното здравје и слично. Во соопштението беше посочено дека граѓаните имаат право да бидат објективно, навремено и точно информирани за сите прашања кои се од исклучителна важност и се однесуваат на јавниот интерес и остварувањето на ова право треба да биде поттикнувано и охрабрувано од сите релевантни чинители во општеството. Објавувањетоореднички обликувани содржини, во кои не се прекршени професионалните новинарски стандарди кои притоа се емитувани и на јавниот сервис е во насока на остварување на слободата на говор и слободата на информирање и зачувувањето на интересот на граѓаните.

Во врска со емисијата „Само вистина“, емитувана на ТВ Канал 5, Агенцијата на 2 ноември преку соопштение укажа дека дебатите за политичко - општествените прашања треба да придонесуваат кон остварување на слободата на изразување, кон културата на толеранција и во ниту еден момент не смеат да поттикнуваат нетрпеливост. Во соопштението беше посочено дека сите учесници во јавниот дискурс, а особено политичарите и носителите на јавни функции, треба да бидат свесни за тежината на јавно искажаниот збор и да се воздржуваат од изјави, особено преку медиумите, кои го поткопуваат дијалогот меѓу различните етнички групи во општеството. Етикетирање на медиуми и новинари, како што тоа во емисијата го направи Исмет Рамадани, советникот за евроатлантски вредности на Премиерот, негативно се одразува на слободата на медиумите и го нарушува новинарскиот дигнитет. Политичарите и носителите на јавни функции имаат посебна одговорност пред јавноста и треба да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и да вложат максимални напори да се овозможи медиумите непречено да ја извршуваат својата работа. Истовремено, медиумите треба да бидат простор за отворена дебата, место каде ќе се изнесуваат различните мислења и ставови (и позитивни и негативни) на учесниците во интервјуа, дискусии и други емисии. Уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика треба да бидат самостојни и независни. Секое попречување и, особено, прекинување на емисиите од страна на управителите или сопствениците на медиумите, како вмешувањето на Иван Мирчевски, управителот на ТВ Канал 5, во емисијата „Само вистина“ претставува мешање во таа независност и самостојност.

## Отворена јавна расправа за текстовите на Нацрт-програмата за работа на Агенцијата и Нацрт-годишните планови за вршење административен надзор и програмски надзор за 2024 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 10 ноември 2023 година отвори јавна расправа за текстовите на Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2024 година, и Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2024 година.

Агенцијата ги повика сите заинтересирани страни со свои мислења и предлози во писмена форма, да учествуваат во јавната расправа и истите да ги доставаат по електронски пат на contact@avmu.mk или по пошта на ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје.

Јавната расправа траеше до 9 декември 2023 година.

## Надзори врз радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на АВМУ по барање

### Радиодифузери

За обврската за исполнување посебни минимални техники, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата и за почитувањето на обврските од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, вонреден административен надзор е извршен врз повеќе радиодифузери - ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Сител, ТВ Алсат-М, ТВ Протел, ТВ Тера, ТВ 3, ТВ Канал, Наша ТВ, ТВ Њуз, ТВ Свет, ТВ Г-ТВ, ТВ М, НЕТ-ХД, ТВ 24 Вести, ТВ КТВ, ТВ Коха,ТВ М, Дибра, Едо, Топестрада, Ускана Медиа, Телевизија Плус и радијата Клуб ФМ, Канал 77, Рос Метрополис, Сити радио, Експрес, Холидеј, Јехона, Кисс, Марија Благовест, Мефф, Рапи, Плеј, Александар Македонски, Комета, Ред ФМ, Ват, Урбан ФМ, Пулс, Плеј, Буба Мара, Кочани ФМ, Роса-АБ, Ускана-Плус, Зона М-1, Радио Бум, Радио Валандово, Енџелс Плус, Хит, Пела, Свети Николе, РФМ, Плус Форте, Антена 5, Блета, Фортуна, Супер радио. Надзорот покажа дека радиодифузерите ги исполнуваат минималните кадровски услови.



*NEWSLETTER*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши редовен административен надзор врз сите 106 радиодифузери коишто емитуваат телевизиска или радио програма. Предмет на надзор беше обврската на радиодифузерите по трет пат оваа година (најдоцна до 31 октомври) на сопствената програма во ударните термини да ги објават податоците за сопственичка структура, уредништво и извори на финансирање во претходната година, и снимка од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Надзорот покажа дека оваа законска обврска ја исполниле сите 106 радиодифузери.

Врз Радиото Канал 77 извршен е контролен програмски надзор за да се утврди дали радиодифузерот ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста утврдени со извештајот од вонредниот надзор бр.10/3676/1 од 05.10.2023 година, односно за постапување спротивно на член 68 од ЗААВМУ, а во врска со член 3 став 1 точка 12 од ЗААВМУ, за кое на 32-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 9 октомври 2023 година, беше покрената постапка за одземање на дозволата на овој радиодифузер. Надзорот покажа дека Радио Канал 77 ги отстранил констатираните прекршувања на ЗААВМУ.

**Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи**

Врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Винсат Кабле од Виница, Агенцијата изврши контролен програмски надзор за да утврди дали е постапено по претходно изречената мерка јавна опомена, упатена заради реемитување на програмски сервиси коишто не се регистрирани во Агенцијата. Надзорот покажа дека операторот во целост постапил по претходно изречената мерка.

За обврската на операторите на ЈЕКМ за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат, извршен е редовен програмски надзор врз операторите ИП Системс,Вива Нет Винсат, Вива Нет од Берово, МТЕЛ, Неотел, Спајдер и Кабел од Виница. При надзорот е констатирано дека операторот за своите корисници го реемитува програмскиот сервис “Super RTL”, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

**Даватели на АВМУ по барање**

За обврските коишто се однесуваат на пренесување на кинематографски дела и заштита на малолетните лица, извршен е редовен програмски надзор врз давателите на АВМУ по барање Свод Мастер, Македонски Телеком и А1 Македонија. При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.

**Изречени мерки јавна опомена**

Советот на Агенцијата на 37-та седница одржана на 16 ноември 2023 година донесе четири решенија за изрекување мерка јавна опомена за МРТ 3, МРТ 4, Скај Радио и Репро Принт издавач на печатениот медиум Нова Македонија. На издавачот Репро Принт Скопје изречена му е мерка јавна опомена заради необјавување на точниот број на печатени примероци во импресумот на изданието на Нова Македонија бр.25952; на МРТ 3 заради необјавување на податоци на соодветното место за секоја содржина од програмскиот сервис; на МРТ 4 заради не емитување најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела; додека на Скај Радио заради не емитување најмалку 10% музика на македонски јазик во период од 06:00 до 24:00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие.

Советот на Агенцијата на 36-та седница одржана на 10 ноември 2023 година врз основа на констатации од извршен надзор, донесе две решенија за изрекување мерка јавна опомена за Спортско Радио ЕФ-ЕМ 90.3 и ЈРП Македонска Радиотелевизија Скопје – Македонска Телевизја – Петти програмски сервис (МРТ5). За Спортско Радио ЕФ-ЕМ 90.3 изречена е мерка јавна опомена поради необјавување ниту на најавната ниту на одјавната шпица податоци за импресум во целините од радиовестите нословени „Спортски вести на 90,3 ЕФ-ЕМ“.  За МРТ 5 мерка јавна опомена е изречена поради не емитување најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

На 35-та седница одржана на 6 ноември 2023 година, Советот на Агенцијата изрече мерка јавна опомена на операторот Винсат Кабле од Виница поради реемитување на програмскиот сервис “Super RTL” кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.